СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-302/13
Скопје, 26.04.2022 година

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА СУД НА ЧЕСТА
# НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

(Пречистен текст)

**Скопје, април 2022 година**

Врз основа на член 21 став 1 точка 12 и член 39 став 3 од Статутот на Стоматолошка комора на Македонија ("Службен весник на РСМ" бр. 118/21) Собранието на Стоматолошка комора на Македонија на ден 21.04.2022 година, донесе

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА СУД НА ЧЕСТА НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**-пречистен текст-**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој деловник поблиску се уредуваат определени прашања сврзани со организацијата и начинот на работа на Суд на честа на Стоматолошката комора на Македонија (во натамошниот текст: „Судот" ќе означува Суд на честа на Стоматолошката комора на Македонија), конституирањето, односно верификацијата на мандатот на членовите на Судот, правата и должностите на членовите на Судот, правата и должностите на претседателот на Судот и Колегиумот, работата на Судот, јавноста во работата на Судот, актите на Судот, поведување и водење на постапка, мерки кои што ги изрекува Судот, извршување на мерки, трошоци на постапка и повторување на постапка, како и други прашања од значење за работата на Судот.

**Член 2**

Судот на честа на Стоматолошка комора на Македонија е независен орган на Комората чија функција е уредена со Статутот на Комората, а во согласност со Законот за здравствената заштита.

Во извршување на својата функција Судот на честа е независен и суди врз основа на Закон, Статутот на Стоматолошката комора на Македонија и Кодексот на стоматолошка етика и деонтологија, релевантни етички кодекси и меѓународни конвенции.

Судот на честа не е кривичен суд и во постапката пред судот не се применуваат одредбите од Законот за кривична постапка, туку постапка пропишана со овој Деловник и Статутот на Комората.

Пред Судот на честа одговараат само доктори на стоматологија.

**Член 3**

Судот на честа на Стоматолошка комора на Македонија, расправа и одлучува за одговорноста на докторите на стоматологија за сторена повреда од етичка, деонтолошка и професионална гледна точка, за повреда на законот, Статутот и Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија и непочитување на одлуките и актите на Коморатa.

Повреди во смисла на овој Деловник се сите повреди на начелата на стоматолошка етика и деонтологија пропишани во Етичкиот кодекс (Кодексот на стоматолошка етика и деонтологија), повреда на законите и подзаконски акти, Статутот и другите акти на Коморатa, повреда на правилата на однесување во вршење на стоматолошка дејност, сторени од страна на доктор на стоматологија.

Повредите се градираат како потешки и полесни повреди:

**Потешки повреди:**

- ако при извршување на стоматолошката дејност се изврши повреда на закон или друг акт кој со себе повлекува кривична одговорност;
- непостапување во вонредни и слични околности;
- непружање или одбивање на пружање на услуга на пациент без особена причина;

- злоупотреба на довербата и достоинството на пациент со јавно изнесување на информации, наоди и сл. за состојбата на пациентот;
- објавување во литература, социјални мрежи и други средства за информирање, спротивно на позитивните законски прописи;
- иста или слична повреда ќе изврши повеќе пати;
- пружање на стоматолошки услуги по цена пониска од минимално определената со акт на Комората;
- рекламирање и огласување спротивно од критериумите определени со акт на Комората;
- непридржување и неизвршување на одлуките на Судот на честа на Комората.

**Полесни повреди:**

- непочитување на актите на Комората;
- непочитување на одлуките на органите, телата и Комисиите на Комората;
- повреда на Етички кодекс;
- повреда на Статут;
- повреда на Закон и подзаконски акти со кои се уредува вршење на стоматолошка дејност, а не се градира како потешка;
- непочитување на правата на пациент;
- непочитување на правата на колега, ширење на лаги, предизвикување на штета на угледот колега или друг здравствен работник кој се занимава со стоматолошка дејност;
- намерно, неоправдано избегнување на постапки пред Судот на честа, прикривање на податоци, факти и информации кои се битни за постапката пред Судот на честа, неподмирување на трошоци на постапка определени при постапка на Судот на честа.

Кога за сторена повреда Судот изрекува мерка, ќе има предвид дали повредата е сторена во поврат, дали постои исклучително висок степен на прекршување што во корелација со други околности под кои е сторена повредата го оправдува изрекувањето на построга мерка, како и дали е сторена против лице или група на лица, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор, дали е сторена против имот, непосредно или посредно.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СУД НА ЧЕСТА

### ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Член 4**

Судот на честа на Стоматолошката комора на Македонија го сочинуваат претседател и најмалку (15) петнаесет членови на Судот.

Во Судот на честа не може да бидат избрани: Претседателот на Комората, членовите на Извршниот и Надзорниот одбор, членовите на другите тела и комисии, како и вработените во Стручната служба на Комората.

Во работата на Судот на честа може да учествуваат и истакнати правници, без право на одлучување.

**Член 5**

Претседателот на Судот и сите членовите на Судот сочинуваат Колегиум на Судот.

На Колегиум на Судот се разгледуваат прашања од општо значење за работата на Судот, се дава мислење за годишниот распоред за работата на Советите и се разгледува годишниот извештај за работата на Судот.

На Колегиум на Судот се одлучува и решава:

- по приговор на Обвинител за отфрлање на Обвинение (член 39 од овој Деловник);
- за повторување на постапка (член 82 од овој Деловник);
- по жалба на решение на Претседател на Судот за отфрлање на жалба (член 65 и член 66 од овој Деловник);
- по жалба на решение на Претседател на Судот за запирање на постапка (член 75 од овој Деловник);
- по жалба на Решение за изземање (член 32 од овој Деловник);
- јавност при работа (член 12 од овој Деловник).

Колегиумот го известува Претседателот на Комората кога ќе настапат услови за престанок на мандат или разрешување на Претседател на судот.

Колегиумот на Судот изрекува мерка предвидена со овој деловник, согласно пресуда на редовен суд поврзана со вршење на стоматолошка дејност и почитување на закони кои докторот стоматолог го обврзуваат при вршење на неговата професионална дејност. Мерката се изрекува ако за неа гласале најмалку 11 члена на Колегиумот. Одлуката за изрекување на мерка мора да биде изготвена во писмена форма, треба да ги содржи сите елементи од член 61 на овој Деловник. Одлуката на Колегиумот е конечна и против неа не е дозволена жалба. По исклучок, против одлуката со која е изрешена мерка „ВРЕМЕНО" и „ТРАЈНО" одземање на лиценца за работа, дозволена е жалба до министерот за здравство, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

**Член 6**

Колегиумот работи на седници. Седница на Колегиум може да се одржи и полноважно да се одлучува ако на седницата се присутни најмалку 11 члена на Судот, вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Одлуките на Колегиумот се носат со мнозинство гласа од вкупниот број на членови, односно истите се полноважни ако за одлуката гласале најмалку 9 члена на Судот.

На седница на Колегиум не може да се воздржи од гласање.

Кога се одлучува по жалба изјавена против Решение на Претседателот на Судот, Претседателот на Судот нема право на глас.

**Член 7**

На седниците на Колегиум присуствуваат и вработените во Правниот сектор на Комората и Стручната служба на Комората, без право на одлучување.

Претседателот на Судот може на седницата на Колегиум да покани и Обвинител на Комора, Бранители од листатата на бранители на Комората, кога се разгледуваат прашања што се однесуваат на нивно учество во претресите.

Претседателот на Судот може на седницата на Колегиум да покани и претседател на Извршен одбор, претседател на Надзорен одбор и претседател на Комисија за стоматолошка етика и деонтологија, кога се расправа за појава на кршење на закони, Статут на Комората и Кодексот на стоматолошка етика и деонтологија.

**Член 8**

Покана за седница на Колегиум, претседателот на Судот им испраќа на сите членови на Судот, најдоцна 7 дена пред денот определен за одржување на седницата, со назнака за време и место на одржување на седницата.

Заедно со поканата, на членовите на Судот им се доставува предлог-дневен ред и соодветен материјал за прашањата што се предлагаат на дневен ред.

По исклучок, во итни случаи, претседателот на Судот може да свика вонредна седница и во рок покус од 7 дена, а дневниот ред да го предложи на самата седница.

Ако претседателот не свика Колегиум за надлежностите од член 5 (пет) на овој Деловник, седница на Колегиум може да свикаат три члена на Судот.

Претседателот на Судот може да свика Колегиум и преку телефонска или онлајн конференција. Записникот за телефонската или онлајн конференција, во вид на аудио или аудио и видео запис, мора да содржи податоци за идентитетот на лицата во телефонската комуникација, податок за тоа во кое својство лицето ја дава изјавата, а во зависност од тоа својство и соодветното гласање.

**Член 9**

Претседателот на Судот и членовите на Судот се организирани и судат во судски совети.

Работата во Судот на честа се врши преку Првостепен судски совет и Второстепен судски совет, со што се обезбедува двостепеност на постапката.

Првостепен судски совет е составен од три члена, а Второстепениот судски совет е составен од пет члена.

Претседателот на Судот претседава со Второстепениот судски совет и не може да биде член на Првостепениот судски совет.

По правило, во Советот кој одлучува во втор степен не треба да учествува член на Првостепен совет. По исклучок, кога тешко може да се состави совет од 5 други члена, во Второстепениот совет можат да бидат именувани најмногу 2 (два) члена од првостепениот Совет.

Составот на судските совети и нивните заменици ги утврдува претседателот на Судот, на кој состав согласност дава Собранието на Комората. Претседателот на судот утврдува и заменици на членовите на Советот.

**Член 10**

Судот за својата работа е одговорен пред Собранието на Комората.

За својата работа Судот на честа поднесува годишен извештај до Собранието на Комората.

**Член 11**

Судот на честа води евиденција за изречените мерки.

Изречените мерки се објавуват на начин и во гласила за кои ќе одлучи Советот што ја донел одлуката и изрекол мерката.

Изречените мерки можат да бидат објавени во Службен весник на РСМ, дневни весници или гласникот на Комората.

**Јавност во работата на судот**

**Член 12**

При работата на Судот на честа јавноста е исклучена.

За седницата на Судот на честа доколку смета дека е потребно Судот може да ја извести јавноста преку издавање на соопштение.

Ваквата одлука судот ја носи на седница на Колегиум со мнозинство гласови.

**Член 13**

Седницата на судот може да одлучи определена одлука или на друг општ акт кој се претресува во Колегиумот, да се објави на веб-страната на Комора.

**Чување тајна**

**Член 14**

Претседателот и членовите на Судот се должни да чуваат тајна.

Како тајна се сметаат податоците што ќе се дознаат во врска со прашањата за кои се расправа без присуство на јавноста.

За тајна се сметаат и сите материјали што му се упатуваат на Судот, а кои се означени како такви.

Со материјалите што се сметаат за тајна се постапува согласно со напомената-упатството за ракување и чување на материјалите, што се проследува кон таквите материјали.

**Акти на судот**

**Член 15**

Судот за прашањата од своја надлежност носи општи и поединечни акти и го следи нивното извршување.

Судот донесува препораки, заклучоци, одлуки, решенија и други акти.

**Член 16**

Со препорака се укажува на значењето на определени прашања кои се однесуваат на тековните состојби и движења во определена област или на извршувањето на одлуки и други општи акти на Колегиум на Судот и се изразува мислењето на Судот по тие прашања.

Со препораката се укажува на правата и обврските на субјектите на кои им се упатува и на мерките што би требало да ги преземат за решавање на тие прашања.

Препораката нема задолжителен карактер и таа им се упатува на субјектите на кои се однесува со цел да ја разгледаат, да заземат став и да ја насочат својата акција кон прашањата на кои се однесува препораката и за тоа да го известат Судот.

**Член 17**

Со заклучок Судот, во рамките на својот делокруг, може да утврдува обврски во однос на подготвувањето на одлуки или на други општи акти или во однос на вршењето на други работи од нивниот делокруг.

Со заклучок Судот утврдува оценки, односно констатации за состојбите и зазема ставови и гледишта во врска со прашањата што ги претресува.

**Член 18**

Решение или Одлука е конкретен и конечен акт со кој Судот решава за поединечни работи.

**Член 19**

Општите и поединечните акти донесени на Колегиум на Судот ги потпишува претседателот на Судот.

Поединечните акти донесени од совет на Судот ги потпишува Претседавачот на Советот.

На актите се става печатот на Стоматолошката комора на Македонија.

Оригиналите на акти на Судот се чуваат во архивата на Стоматолошката комора на Македонија.

За чувањето и евиденција на оригиналите на прописите и на другите акти на

Судот се грижи Стручната служба на Комората.

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ за избор и разрешување на претседател и членови на Судот на честа**

**Член 20**

Избор на претседател и членови на Судот се врши во целина, врз основа на предложени листи.

Листата ја предлага Претседателот на Стоматолошка комора на Македонија.

Предложената листа се става на дневен ред на седницата на Собранието, само ако сите предложени кандидати за претседател на Судот и членови на Судот дале изјава со која ја прифаќаат кандидатурата.

Изборот на претседател и членови на Судот се врши со јавно гласање, со мнозинство од вкупниот број на делегати на Собранието.

Доколку предложената листа не помине во целина, односно не го добие потребното мнозинство од делегатите на Собрание, за предложените кандидати од листата се гласа поединечно. Доколку од поединечно предложените кандидати се изгласани најмалку 15 членови, тогаш се смета дека Судот на честа е конституиран, доколку не, Претседателот на Комората е должен во рок не подолг од 30 дена од денот на гласањето да достави нова листа со предложени кандидати.

За предложената нова листа се гласа во целина, а доколку и новата листа не помине во целина, повторно се преминува кон поименично гласање.

Постапката се повторува се додека не се изгласаат претседател и најмалку 15 члена на Судот.

**Член 21**

Избор заради промена на поодделен член на Судот на честа, заради оставка, престанок на мандат или разрешување се врши врз основа на поединечни предлози од Претседателот на Комората, со јавно гласање, со мнозинство од вкупниот број на делегати на Собранието.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ**

**Начин на избор на претседателот на Судот**

**Член 22**

Претседателот на Судот на честа се избира од редот на активните членови на Комората. За претседател на Судот на честа може да се избере член кој има најмалку 2 (два) лиценцни периоди во Комората и кој има углед во средината во која работи и живее.

Претседателот на Судот на честа се избира на предлог на Претседателот на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието на Комората.

Врз основа на извршено гласање, претседателот на Собранието на Комората констатира дека кандидатот е избран за претседател на Судот на честа, со што се верификува неговиот мандат и од тој момент се стекнува со своите права и должности како претседател на Судот.

Претседателот на Судот на честа се избира со мандат од пет (5) години и може да бидат повторно избран, најмногу уште еднаш последователно, при што може да биде избран повторно по пауза од еден мандатен период.

До изборот на нов претседател на Судот на честа, претседателот на Судот на честа продолжува да ја врши својата функција, но не подолго од една година по истекот на мандатот.

Претседателот на Судот може да даде оставка.

Оставката не мора да биде образложена.

Претседателот на Судот може да биде разрешен под услови од овој Деловник.

**Права и должности на претседателот на Судот**

**Член 23**

Претседателот на Судот на честа го претставува Судот и врши работи определени со овој Деловник и Статутот на Комората.

Претседателот на Судот:

- утврдува состав на судски совети, со решение, на почетокот на годината;
- носи решение за изземање на член од утврдените совети;
- ја врши функцијата претседавач на Второстепен Совет;
- одлучува по жалба на решение на претседавач на совет за изведување на докази;
- одлучува дали ќе се поведе постапка пред Суд на честа или ќе се отфрли одлуката за поведување на постапка (обвинението);
- ги свикува и раководи со седниците на Колегиумот најмалку еднаш на шест месеци;
- ја планира динамиката на седниците на колегиумот, во зависност од значењето, природата и времето на поднесување на предлозите на акти и други материјали;
- се грижи за организацијата и работата на Судот;
- редовно комуницира со органите и телата на Комората, со обвинителот на Комората и со бранителите на Комората, ја поттикнува и помага меѓусебната соработка на Судот и органите на Комората и се грижи за нивната соработка со други органи и тела на Комората;
- ги потпишува одлуките и актите на Судот и ги доставува на учесниците во постапката, заинтересираните страни, органите на Комората и на Стручната служба на Комората заради објавување;
- ги закажува седниците на Колегиумот на Судот на барање на членовите на Судот;
- иницира дневен ред и време на одржување на седниците на Колегиумот;
- се грижи за примената на Деловникот;
- го известува Претседателот на Комората кога ќе настапат услови за престанок на мандатот или за разрешување на членови на Судот и
- врши и други работи определени со закон, Статутот и со овој Деловник.

## ЧЛЕНОВИ НА СУДОТ

**Начин на избор на членови на Судот**

**Член 24**

Членовите на Судот на честа се избираат од редот на активните членови на Комората. За член на Судот на честа може да се избере член кој има најмалку 1 (еден) лиценцен период во Комората и кој има углед во средината во која работи и живее.

Членовите на Судот на честа се избираат на предлог на Претседателот на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието на Стоматолошка комора на Македонија.

Врз основа на извршено гласање, претседателот на Собранието на Комората констатира дали предложената листа на членови е изгласана во целост или кој од предложените кандидати е избран за член на Судот.

Членовите на Судот на честа се избираат со мандат од пет (5) години и можат да бидат повторно избрани, најмногу уште еднаш последователно, при што може да бидат избрани повторно по пауза од еден мандатен период.

До изборот на нови членови на Судот на честа, членовите на Судот на честа продолжуваат да ја врши својата функција, но не подолго од една година по истекот на мандатот.

**Член 25**

Член на Судот може да даде оставка.

Оставката не мора да биде образложена.

Член на Судот може да биде разрешен под услови од овој Деловник.

**Права и должности на членови**

**Член 26**

Членот на Судот ги остварува правата и должностите утврдени со законот, Статутот и со овој Деловник.

Членот на Судот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

**Член 27**

Заради вршење на својата должност, членот на Судот има право и должност:

- од Претседателот на Судот, органите на Комората и било кој заинтересиран да бара податоци што му се потребни за неговата работа во Судот;
- да дава иницијатива за претресување на определени прашања од делокругот на Судот;
- да се грижи за спроведување на заклучоците;
- ги разгледува предлозите за донесување на акти и други прашања од надлежност на Судот и поднесува извештај со свои мислења и предлози;
- да предложи свикување на седница на Колегиум;
- врши и други работи што се определени со овој деловник.

**Член 28**

Членот на Судот има право и должност да присуствува на претрес и да учествува во работата и одлучувањето во советот во кој што е именуван како и на Седниците на Колегиумот на Судот.

Членот на Советот има право да присуствува и на претрес пред Совет во кој не е член, но без право на одлучување.

**Член 29**

За присуството на седниците на Колегиумот на Судот и на Советот во кои членуваат членовите на Советот, се води евиденција.

Евиденцијата ја води Стручната служба на Комората.

**Член 30**

Стручната служба го известува претседателот на Судот за случаите кога член три пати едноподруго отсуствувал, а не го оправдал своето отсуство.

Претседателот на Судот е должен веднаш да го извести Претседателот на Комората, со цел да се утврдат причините за отсуството и да се утврди дали постојат услови за утврдување престанок на мандатот или за разрешување на членот на Судот и да му предложи на Собранието на Комората на негово место да избере друг член.

Во случај на отсуство на претседателот на Судот, известувањето до Претседателот на Комората го праќа било кој член на Советот или Стручната служба.

**Изземање**

**Член 31**

Претседател или член на Судот на честа не може да ја врши функцијата:

1) ако самиот е странка, законски застапник или полномошник на странка, ако со странката е во однос на соовластеник, сообврзник или регресен обврзник или ако во истиот предмет е сослушан како сведок или вештак;

2) ако постојано или привремено работи кај работодавец кој е странка во постапката;

3) ако странката, законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втор степен, без оглед дали бракот престанал или не;

4) ако е старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик на странката, на нејзин законски застапник или полномошник;

5) ако во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на понискиот суд или на друг орган и

6) ако постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност.

**Член 32**

Претседателот или член на Судот, штом ќе дознае дека постои некоја од причините за изземање од членот 31 точки 1 до 5 на овој Деловник, или дека постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност (член 31 точка 6 од Деловникот) должен е да ја прекине секоја работа врз тој предмет и за тоа да го извести претседателот на судот, кој ќе определи замена. Ако се работи за изземање на претседателот на судот кој постапува во конкретен предмет, се известува Колегиумот на Судот, кој ќе одлучи за изземањето.

До донесувањето на решението за изземање и во случај на изземање до назначување на нов член, можат да се преземаат само оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.

На решението за изземање е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Колегиумот на Судот.

**ПОСТАПКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ, ПРЕСТАНОК И ОДЗЕМАЊЕ НА МАНДАТ**

**Член 33**

На претседател и член на Судот му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избрани:

- ако поднесе оставка,
- ако го изгуби членството во Комората,
- во случај на смрт и
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца,

Претседателот на Собранието, во случаите од ставот (1) на овој член, констатира престанок на мандатот со решение во кое утврдува ден на настанување на условите за престанок на мандатот.

**Член 34**

Претседателот и членовите на Судот можат да бидат разрешени од функција, односно да им се одземе мандат:

- доколку повеќе од три пати едноподруго неоправдано отсуствувал од Седниците на Советот;

- поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на функцијата Претседател или член на Судот и
- ако се осуден од страна на Судот на честа за потешко прекршување на Кодексот на стоматолошка етика и деонтологија и други релевантни акти.

**Член 35**

Претседателот на Комората е должен да го извести претседателот на Собранието за случај што со себе повлекува престанок или одземање на мандатот на некој од членовите на Судот за да го внесе во предлогот на дневниот ред за првата наредна седница на Судот.

Собранието е должно да го разгледа секој случај што повлекува одземање на мандатот на член или претседател на Судот, да побара податоци за да ги потврди фактите и да ги утврди причината и денот на настанување на условите одземање на мандатот.

Собранието ќе ја утврди причината и денот на престанок на мандатот со одлука за одземање на мандатот на член или претседател на Судот, која се носи со мнозинство гласови од вкупниот број на делегати на Собрание.

## III. РАБОТА НА СУДОТ

**Поведување на постапка**

**Член 36**

Постапка против доктор на стоматологијапред Судот на честа се поведува од Обвинителот на Комората.

Обвинителот на Комората до претседателот на Суд на честа доставува Одлука за поведување на постапка уредена во форма на обвинение (во натамошниот текст: „Обвинение“ ќе означува Одлука за поведување на постапка уредена во форма на обвинение) и задолжително треба да содржи:

- назив на Обвинителот што ја испраќа;
- назив на Судот на честа до кој се испраќа;
- име и презиме на докторот на стоматологија против кој се бара покренување на постапката;
- точна адреса на живеење и здравствена установа во која работи докторот;
- опис на повредата со цитирање на членови од закон или други акти на Комората кои се повредени;
- место и време на извршување на повредата;
- докази кои се прибрани за сторената повреда;
- причини врз кои се заснова основаното сомнение дека е сторена повреда, ако не било можно да се приберат материјални докази во претходна фаза;
- предлог докторот на стоматологија да биде прогласен за виновен и да му биде изречена мерка.

Заедно со обвинението, Обвинителот ги доставува сите докази кои ги обезбедил како поткрепа на обвинението.

Обвинението се доставува за секој обвинет доктор на стоматологијапоединечно, во онолку примероци колку што има обвинети и два примероци за Судот.

**Член 37**

По приемот на обвинението, претседателот на Судот на честа, во рок од 10 (десет) дена од приемот на одлуката, со решение одлучува дали ќе се отвори постапка или обвинението ќе се отфрли.

**Член 38**

Решение за отфрлање на обвинението претседателот на Судот може да донесе единствено ако:

- Судот на честа не е надлежен да постапува по предлогот;
- постапката поради истата повреда и кон ист учесник е веќе поведена
- обвинетиот не е активен доктор на стоматологија;
- обвинетиот во меѓувреме престанал да се занимава со стоматолошка дејност.

**Член 39**

Решението за отфрлање на обвинението, претседателот на Судот на честа го доставува до Обвинителот на Комората, наведувајќи ги причините за тоа.

Ако Обвинителот на Комората смета дека причините за отфрлањето не се оправдани, има право во рок од 10 дена од денот на приемот на решението за отфрлање на обвинение да поднесе приговор до Колегиумот на Судот на честа.

Приговорот се разгледува на седница на Колегиум на Судот. Откако ќе го разгледа приговорот, се гласа и доколку за поведување на постапка гласале 2/3 од вкупниот број на членови на Судот, со заклучок ќе се задолжи претседателот да изготви решение за отворање на постапка.

За ставот што ќе го заземе по повторната иницијатива за донесување на одлука, Судот ќе го извести Обвинителот на Комората.

Одлуката на Колегиумот на Судот е конечна.

**Отворање на постапка**

**Член 40**

Претседателот на Судот, доколку не донесе решение за отфрлање на обвинението или е задолжен од Колегиумот на Судот, носи решение за отворање на постапка кое го доставува до Обвинителот на Комората.

Претседателот на Судот носи и Решение со кое утврдениот состав на првостепен совет и потврден од Собранието на Комора го назначува за надлежен во отворената постапка кон обвинетиот доктор на стоматологијаи со кое го назначува Претседавачот со Советот.

Решението за отворање на постапка и со целокупниот материјал доставен од Обвинителот и решението за формирање на Првостепен совет се доставува до претседавачот на Првостепениот совет на Суд на честа.

**Член 41**

Претседавачот на Првостепениот совет на Судот на честа (во натамошниот текст само „Претседавач"), решението за отворање на постапка и обинението со целокупниот материјал доставен од Обвинителот ги доставува до обвинетите доктори на стоматологија и до останатите членови на Првостепениот совет и нивните заменици.

До обвинетите доктори на стоматологија, Претседавачот испраќа покана за одговор на обвинение.

Во покана за одговор на обвинение, се наведува рокот за одговор на обвинение кој не може да биде пократок од 8 (осум) дена ниту подолг од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на обвинението.

Со поканата за одговор на обвинение, Претседавачот испраќа и листа на бранители на Комората, а во поканата се наведува дека во постапката може да ги застапува некој од бранителите на листата, дека обвинетиот доктор на стоматологија има право да ангажира и професионален бранител или да се брани сам во постапката пред Судот на честа.

Во поканата за одговор на обвинение, се наведува и дека може да се предложи изведување на докази кои одат во прилог на обвинетиот. Доколку се предлага

сослушување на сведоци, со предлогот се наведуваат име и презиме на лицето кое се предлага, во кое својство се повикува и адреса на која може да се повика.

Одговорот на обвинение може да се даде лично од обвинетиот, преку бранител од листата на бранители или преку професионален бранител, за што кон одговорот се доставува и полномошно.

По приемот на одговорот на обвинение, претседавачот го доставува одговорот до Обвинителот.

**Член 42**

Претседавачот, откако ќе изминат роковите за одговор на обвинение, издава покана за почеток на претрес, со кое го определува денот на започнување на постапката, датумот, часот и место на одржување на претресот.

Поканата за закажан претрес Претседавачот на Првостепениот совет на Судот на честа ја доставува до Обвинителот на Комората, обвинетите членови, нивните Бранители и останати учесници во постапката.

Поканата мора да биде јасна и целосна, во која точно се наведуваат: поводот за определување на претрес со име, презиме, адреса на живеење, број на лиценца и установа во која е вработен обвинетиот доктор на стоматологија, името и презимето на повиканото лице, место на живеење, улица и број и својството во кое се повикува лицето.

Претседавачот на претресот навремено ќе ги повика останатите членови на Советот, Обвинителот и обвинетиот лично и неговиот бранител доколку таков е легитимиран, како и други лица чие присуство го смета за потребно. Навремено се смета од денот на приемот на поканата до денот на одржување на претресот да има најмалку 8 (осум) дена.

Поканата се испраќа со препорачана брза пошта на домашна адреса на учесниците или адреса наведана во поднесокот со кој се предлагаат како лица кои треба да учествуваат во постапката, а поканата за Обвинителот, членовите на Советот и обвинетиот се врши по електронска пошта назначена од нив при уписот во регистарот на членови на Комора и со тоа се сметаат за уредно поканети.

**Претрес пред Суд на честа**

**Член 43**

Претресот се води пред Првостепениот совет на Судот на честа.

Претседавачот го отвара претресот и најнапред утврдува дали сите повикани се присутни и дали се уредно поканети.

Ако се утврди дека обвинетиот не е присутен, а не е уредно поканет или ако е уредно поканет, а го оправдал своето отсуство (а оправдувањето го прифатило Советот) претресот се одложува и се закажува нов претрес. Од денот на претресот до новиот треба да поминат најмалку 15 дена.

За оправдана спреченост се смета болест, состојба на која не може да влијаат или отсуство од земјата на подолго време што се докажува со соодветна документација.

Доколку обвинетиот е уредно поканет и не го оправдал своето отсуство, Советот претресот го води во негово отсуство и изрекува мерка во негово отсуство.

Доколку на претресот не се јават Обвинителот или бранителот, а се уредно поканети, Советот го води претресот во нивно отсуство.

Одолговлекувањето на постапката е отежителна околност при изрекување на мерка.

**Член 44**

Советот може да работи ако на претресот присуствуваат сите членови на Советот.

Во случај на спреченост на член на советот, за денот на закажаниот претрес, должен е да го извести Претседателот на Судот, најмалку 24 часа пред денот на одржувањето на претресот. Претседателот на Судот именува нов член на советот од редот на заменицитe.

Доколку на закажаниот претрес не може да се обезбеди присуство на тројца членови, Претседавачот го презакажува претресот, со писмено известување упатено на сите членови на Советот и другите учесници во постапката.

**Одржување на редот**

**Член 45**

Учесниците во постапката се должни да го почитуваат редот на седницата. Сите лица кои се наоѓаат во просториите каде се одржува претресот, додека трае претресот, се должни да ги извршат налозите на Претседавачот во поглед на одржување на редот.

Во текот на претресот Претседавачот е должен да се грижи за одржување на редот на претресот. Претседавачот единствено дава и одзема збор.

На претресот никој не може да говори пред да побара и добие збор од Претседавачот. Пријавите за збор се поднесуваат откако ќе започне претресот и можат да се поднесуваат се до неговото завршување.

**Член 46**

За повреда на редот на седницата, може да се изречат следните мерки: опомена, одземање на зборот и оддалечување од седницата.

Изречените мерки се внесуваат во записникот на седницата.

**Член 47**

Опомена ќе се изрече ако учесник во постапката во своето излагање се оддалечува од дневниот ред, ако со своето однесување, со земање збор кога Претседавачот не му дал збор, со упаѓање во збор, или со слична постапка го нарушува редот на прересот и одредбите на овој Деловник.

Одземање на зборот ќе се изрече ако учесник во постапката со својот говор на седницата го повредува редот на претресот и одредбите на овој Деловник, а на истата седница веќе двапати е повикан да не го нарушува редот на претресот и одредбите на овој Деловник.

Мерките опомена и одземање на зборот ги изрекува Претседавачот.

**Член 48**

Мерката оддалечување од претрес се изрекува ако учесник во постапката нема да постапи по барањето на Претседавачот кој му ја изрекол мерката одземање на збор или на друг начин ја попречува работата на претресот или го навредува Судот или неговите членови, или во говорот употребува изрази со кои се нарушува достоинството на Судот.

Учесник во постапката може да биде оддалечен само од претресот на која го повредил редот.

Мерката оддалечување од седницата ја изрекува Советот кој заседава без претрес, со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Учесник во постапката на кој му е изречена мерката оддалечување е должен веднаш да се оддалечи од претресот и не може повеќе да присуствува на седницата од која е оддалечен.

Претседавачот може да нареди од салата во која се одржува седницата да се отстрани секое лице кое го нарушува редот.

**Член 49**

Ако со редовни мерки не може да го одржи редот на седницата, Претседавачот ќе го прекине претресот.

**Тек на седницата**

**Член 50**

По отварањето на претресот и проверка за присуство, Претседавачот го отвара претресот, ги информира членовите на Советот за дополнително доставените или пред седницата поделените материјали и дава други соопштенија што се од значење за работата и што треба да се имаат предвид при одлучувањето.

**Член 51**

Претседавачот најнапред му дава збор на Обвинителот на Комората кој се произнесува дали останува на поднесеното обвинение. Обвинителот може да го прошири обвинението доколку од денот на поднесување на Обвинение до ден на одржување на пререс за обвинетиот член се доставени нови пријави за сторени повреди.

Доколку Обвинението се прошири, обвинетиот член има право дополнително да достави одговор на прошireното обвинение во рок од 8 дена од денот на проширувањето на Обвинението.

Откако Обвинителот ќе го заврши своето излагање, Претседавачот му дава збор на обвинетиот доктор на стоматологија, да ги изнесе своите аргументи во сопствена одбрана. Обвинетиот доктор на стоматологијатоа може да го стори лично или преку избраниот бранител. Претседавачот на Советот е должен да им даде збор и на обвинетиот лично и на ангажираниот бранител.

По излагањата на Обвинителот и обвинетиот, се продолжува со постапката, со изведување на докази, по редослед по кој се предложени или по редослед кој ќе го утврди Претседавачот на Советот.

На решението на Претседавачот со кое одлучил изведување на докази дозволена е жалба, по која одлучува Советот со мнозинство гласови. На одлуката на Советот не е дозволена посебна жалба.

**Член 52**

Претресот по определено прашање трае и се води се додека по него има пријавени за збор.

Во текот на претресот можат да се изнесуваат мислења, да се бараат појаснувања и да се покренуваат други прашања во поглед на причините за донесување, правните основи и целисходноста на одлуката.

Сведоците задолжително се повикуваат во ист ден на ист претрес, се сослушуваат еден по еден, без право да се слушаат еден со друг.

Претседавачот го заклучува претресот откога ќе утврди дека повеќе нема пријавени за збор.

**Записници**

**Член 53**

За работата на седниците на Колегиумот се води записник со следните податоци: датум на одржана седница, име и презиме на присутните членовите на советот, на записничарот, вид на предметот по кој се постапува, вид на барањето за кое е одлучено и каква одлука е донесена. Записникот се води од страна на лице од Стручната служба на Комората, кое Колегиумот го именува како записничар на Судот на честа.

**Член 54**

Претресите пред советот се бележат звучно. Системот за тонско снимање на претресите треба да овозможи од тонскиот запис да може да се состави писмена форма од изјавите на учесниците во постапката дадени на претресот, на нивно барање.

Тонското снимање се прекинува кога Претседавачот ќе го заклучи претресот. Тонскиот запис се чува и архивира заедно со списите на предметот.

Покрај тонското снимање, на претресот се води и записник. Записникот се води од страна на лице од Стручната служба на Комората, кое Советот го именува како записничар на Советот. Записникот содржи основни податоци: бројот на присутните и имињата и презимињата на оправдано отсутните членови на Советот, дневниот ред, текот на претресот со кратки изјави на начин што Претседавачот на глас ја диктира содржината што треба да се внесе во записникот. Во записникот, по исцрпување на претресот, Претседавачот ги цитира и писмено поднесените докази, друг вид на документи и го заклучува претресот. На крај на записникот се внесуваат одлуките и заклучоците што се донесени.

**Член 55**

Записникот го потпишуваат Претседавачот, Обвинителот, обвинетиот доктор на стоматологијаи записничарот.

За составувањето на записникот и за чувањето на оригиналните записници од седниците на Советот се грижи Стручната служба.

**Одлучување**

**Член 56**

По заклучување на претресот, Претседавачот ги замолува членовите на советот да се повлечат во посебна просторија со цел да одлучат дали одлуката ќе ја донесат веднаш или ќе го одложат донесувањето на одлуката.

Одложувањето на донесување на одлука не може да биде подолго од 10 (десет) дена од одржаниот претрес.

Странките во постапката се замолуваат да почекаат додека Советот се консултитра. Доколку Првостепениот совет донел одлука за изрекување на мерка веднаш после претресот, одлуката ја соопштува усно на присутните страни во постапката.

Независно од тоа кога Советот ја донел одлуката, таа мора да се изработи во писмена форма со образложение и да се достави до Обвинителот и обвинетиот доктор на стоматологија.

**Член 57**

Полноважни се одлуките за кои гласало потребното мнозинството членови на Советот, определено со закон, Статутот и овој Деловник.

**Член 58**

Членовите на Советот гласаат на тој начин што се изјаснуваат "за" или "против" изрекување на мерка.

Членовите на Советот не може да се воздржуваат од гласањето.

Прозивката ја врши Претседавачот на Советот.

**Член 59**

Откако сите членови на Советот ќе гласаат и откако Претседавачот ќе објави дека гласањето е завршено, се преминува на утврдување на резултатите од гласањето, доколку резултатите од гласањето се „за" изрекување на мерка" се пристапува кон гласање на предложена мерка од страна на Обвинителот, доколку таква е предложена, во спротивно мерката ја предлага Претседавачот. Доколку предложената мерка не го добие потребното мнозинство, секој од членовите може да предложи мерка, за која се гласа на истиот начин.

Доколку резултатите од гласањето се „против изрекување на мерка" се носи одлука со која обвинетиот се ослободува од обвинение. На одлуката со која обвинетиот се ослободува од обвинение не е дозволена жалба.

**Член 60**

За сторени повреди Судот ги изрекува следните мерки:

1) опомена;
2) јавна опомена;
3) забрана за учество во работата на органите на Комората;
4) времено одземање на лиценца за работа;
5) трајно одземање на лиценцата
6) за сторена полесна повреда, наведена во член 3 од Деловникот, да се изрече парична казна во износ од 200-1000 евра во денарска противвредност;
7) за сторена потешка повреда, согласно член 3 од Деловникот, да се изрече парична казна во износ од 1000-3000 евра во денарска противвредност.

Паричната казна може да се изрече самостојно или покрај изречената мерка. Паричната казна се внесува во одлуката од член 60 на овој Деловник.

Изречените мерки и парични казни се евидентираат во досието на обвинетиот доктор на стоматологија.

За изречената мерка и изречената парична казна задолжително се информира здравствената установа во која работи докторот на стоматологија.

**Одлука**

**Член 61**

Писмената одлука се изготвува од страна на Правниот сектор на Комората, врз основа на записникот и тонскиот запис од одржан претрес и резултатите од гласањето, во вид на правно формулирани одредби, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на одлуката.

Писмено изготвената одлука задолжително содржи:

- назив на Судот;
- состав на Советот на суд на честа;
- податоци за учесници во постапка;
- предмет на постапка;
- ден на одржување на претрес;
- ден на донесување на одлука;
- изречена мерка;
- одлука за трошоци;
- обрзложение и
- правна поука.

**Право на жалба**

**Член 62**

Против одлука донесена од Првостепен совет незадоволниот учесник во постапката може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката.

За жалбата против одлуката на Првостепениот совет одлучува Второстепениот совет.

**Член 63**

Жалбата треба да содржи :

- назнака за „Второстепен совет на Суд на честа";

- Податоци за подносител на жалба;
- означување на одлуката против која се изјавува жалба;
- изјава во кои делови се побива одлуката;
- што се бара со жалбата и
- потпис на подносителот на жалбата.

**Член 64**

Жалбата се поднесува непосредно во архивата на Комората или со препорачана пратка, во доволен број примероци за Судот и за другите учесници во постапката.

**Член 65**

Ненавремената, нецелосната или недозволената жалба претседателот на Судот ќе ја отфрли со решение.

Жалбата е ненавремена ако е изјавена по истекот на рок за нејзино поднесување (од член 62 од Деловник).

Жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата (член 59 став 2 од Деловникот).

Жалбата е нецелосна ако не содржи некој од податоците од член 63 од овој Деловник.

**Член 66**

Против Решението на претседателот на Судот од член 65 на овој Деловник дозволена е жалба до Колегиумот на Судот, во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението.

Одлуката на Колегиумот е конечна и одлуката на Првостепениот совет станува правосилна.

**Член 67**

Примерок од навремена, целосна и дозволена жалба претседателот на Судот ќе достави до спротивната странка која може во рок од осум дена од приемот да поднесе до Судот одговор на жалбата најдоцна во рок од осум дена.

Примерок од одговорот на жалба првостепениот суд ќе достави до жалителот.

**Член 68**

По приемот на одговорот на жалбата или по изминувањето на рокот за одговор на жалбата, претседателот на Судот, жалбата и одговорот на жалбата, ако е поднесен, со сите списи од Првостепен совет, ги доставува до Второстепениот совет утврден од страна на претседателот на Судот, а потврден од Собранието на Комората.

**Член 69**

Кога списите по жалба ќе пристигаат до сите членови на Второстепениот совет, претседателот на Судот ќе одреди ден, час и место на заседавање на Второстепен совет и претседавач на Второстепен совет.

**Член 70**

Второстепениот совет одлучува по жалба, по правило во отсуство на учесниците во постапката.

Претседателот на Судот може да закаже претрес пред Второстепен совет доколку оцени за потребно заради правилно одлучување. На претресот се повикуваат задолжително Обвинителот, обвинетиот и неговиот бранител, а останатите учесници ако за нив се утврди потреба.

Одредбите кои се однесуваат за покана и претрес пред Првостепен совет се однесуваат и за покана и претрес пред Второстепен совет.

**Член 71**

Второстепениот совет ги разгледува и оценува наводите во жалбата, одговор на жалба и после исцрпна анализа може да донесе одлука со која:

- ќе ја одбие жалбата како неоснована и ќе ја потврди одлуката на Првостепениот совет;
- ќе ја уважи жалбата, ќе ја укине одлуката на Првостепениот совет и предметот ќе го врати на повторно разгледување и одлучување, ако смета дека заради правилно утврдување на фактичката состојба треба да се одржи нов претрес пред првостепениот совет;
- ќе ја уважи жалбата и ќе ја преиначи одлуката на Првостепениот совет.

**Член 72**

Одлуките на Второстепениот совет се носат со мнозинство гласови и задолжително ги содржи податоците од член 61 на овој Деловник.

Во образложението на одлуката, односно на решението, Второстепениот совет треба да ги оцени жалбените наводи што се од решително значење и да ги означи причините што ги зел предвид.

Кога одлуката на Првостепениот совет се укинува и предметот се враќа на повторно судење, ќе се наведе во што се состојат недостатоците во утврдувањето на фактичката состојба, односно зошто одредени факти и докази се важни и влијаат врз донесувањето на правилна одлука.

**Член 73**

Второстепениот совет ќе му ги врати сите списи на Првостепениот совет, заедно со доволен број заверени преписи на својата одлука, заради доставување на странките и на другите заинтересирани лица.

**Член 74**

Одлуката на Второстепениот совет е конечна и против неа не е дозволена жалба.

По исклучок, против одлуката со која е изрешена мерка „ВРЕМЕНО" и „ТРАЈНО" одземање на лиценца за работа, дозволена е жалба до министерот за здравство, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

**Рокови**

**Член 75**

Започнатата постапка против обвинет доктор на стоматологија, пред Судот на честа мора да заврши со конечна одлука во рок од 2 (две) години од денот на поднесување на обвинение од страна на Обвинителот.

Обвинение не може да се поднесе по изминување на 1 (една) година од денот на дознавање на повредата.

Во случај на изминување на рокот од став 1 на овој член, претседателот на Судот носи решение за запирање на постапката поради застареност.

На решението на Претседателот за запирање на постапка дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Колегиумот на Судот.

**Извршување на мерките и паричните казни**

**Член 76**

Мерката „ОПОМЕНА" се извршува со доставување на одлуката на обвинетиот.

Мерката „ЈАВНА ОПОМЕНА" се извршува со објавување на одлуката во некое од јавните гласила.

Мерката „ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА" се извршува со објавување во гласникот на Комората и со суспендирање на функцијата во органите ако докторот на стоматологија ја извршува во тековниот мандат. Оваа мерка ја спроведува Собранието на Комората.

Мерката „ВРЕМЕНО“ и „ТРАЈНО“ одземање на лиценца за работа се извршува со доставување на одлуката до Министерство за здравство и организацијата во која работи членот на Комората. Одземањето на лиценца се врши во постапка согласно Правилникот за начин на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценца за работа на здравствени работници од областа на стоматологијата.

**Член 76а**

Судот на честа го организира, спроведува и врши надзор на извршувањето на паричната казна. Кон извршување на парична казна се пристапува откако одлуката со која е изречена ќе стане правосилна и ќе истече доброволниот рок за плаќање кој е определен во самата одлука.

Постапката за наплата на изречена паричната казна ја поведува Судот на честа преку Претседавачот на Советот што ја изрекол паричната казна во прв степен. Претседавачот на осуденото лице му праќа опомена да ја плати паричната казна во рок не подолг од 8 дена од денот на праќањето на опомената, со назнака дека ќе се пристапи кон присилна наплата доколку паричната казна не се плати и по изминување на рокот.

Паричните казни наплатени од осуденото лице се приход на Стоматолошката комора на Македонија и се уплаќаат на наменска сметка за взаемна помош.

Неплатената парична казна се смета за долг спрема Комората и подлежи на присилна наплата согласно позитивните законски прописи.

**Член 77**

Мерката „ОПОМЕНА“ се брише од евиденција на Судот по истекот на една година од правосилноста на одлуката со која е изрешена.

Мерката „ЈАВНА ОПОМЕНА“ се брише од евиденција на Судот по истекот на две години од правосилноста на одлуката со која е изрешена.

**Средства за работа и трошоци на постапката пред Суд на честа**

**Член 78**

Срцедствата за работа (материјални, просторни и други услови за работа) на Судот се обезбедуваат од страна на Стоматолошката комора на Македонија, со одлука на Собранието на Комората.

Претседателот и членовите на Судот својата работа ја вршат волонтерски, а надоместот на трошоци за нивната работа се утврдуваат согласно Правилникот за начин на пресметка и наплата на трошоци на постапка на органите и телата на комората број 02-332/2 од 13.03.2021 година.

**Член 79**

Согласно Правилникот за начин на пресметка и наплата на трошоци на постапка на органите и телата на Комората број 02-332/2 од 13.03.2021 година се одмеруваат и трошоците за останатите учесници во постапката, како и таксите за постапката пред Судот.

**Повторување на постапка**

**Член 80**

Постапката што со одлука на Судот е завршена правосилно може, по предлог од учесник во постапката да се повтори ако:

1) при донесувањето на одлуката учествувал член на Судот кој според овој Деловник морал да биде изземен (член 31), односно кој со решение на претседател на Судот бил изземен;

2) на некоја странка не и била дадена можност да расправа пред Судот, особено со пропуштање на доставување;
3) одлуката на Судот се заснова врз лажен исказ на сведок или вештак, или се заснова врз исправа што е фалсификувана или во која е заверена невистинита содржина што е утврдено со правосилна пресуда;
4) одлуката на Судот се заснова врз друга одлука на редовен суд, а таа одлука ќе биде правосилно преиначена, укината, односно поништена;
5) странката дознае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои може да биде донесена поповолна одлука ако тие факти или докази да биле употребени во поранешната постапка.

**Член 81**

Предлогот за повторување на постапката се поднесува до Претседателот на Судот во рок од 30 дена од денот кога странката дознала за причината за повторување.

Во предлогот особено мораат да се наведат: основот според кој се бара повторување, околностите од кои произлегува дека предлогот е поднесен во законскиот рок и доказите со кои се поткрепуваат наводите на предлагачот.

**Член 82**

За Предлогот за повторување на постапката одлучува Колегиумот на Судот.

Ненавремени (член 81 став 1 од Деловникот), нецелосни (член 81 став 2 од Деловникот) или недозволени предлози за повторување на постапката Колегиумот ќе ги отфрли без одржување на седница.

Ако Колегиумот не го отфрли предлогот, ќе донесе решение за повторување на постапка и ќе го задолжи Претседателот на Судот да ја отпочне постапката како по прв пат.

## IV. ВРШЕЊЕ ПРАВНИ И СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА СУДОТ

**Член 83**

Судот може, во рамките на својот делокруг, да бара од Стручната служба, Правниот сектор и Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија:

- да проучат определено прашање од својот делокруг и за тоа да им поднесат извештај;
- да ги известат за состојбите и појавите од областа на својот делокруг;
- да ги известат за спроведувањето на политиката што ја утврдил Судот и за извршувањето на одлуките, другите прописи и општи акти и за одделни прашања од областа на својот делокруг;
- да изготват предлог на одлука, на друг пропис или општ акт од областа на својот делокруг и
- да им ги достават податоците со кои располагаат или што се должни во својот делокруг да ги собираат и евидентираат, како и списите и другите материјали потребни за работа на Судот и неговите совети.

**Член 84**

Правните и другите работи за потребите на Судот ги врши Правниот сектор и Стручната служба на Комората, особено:

- учествува во подготвувањето на поканата за претрес пред Советот,
- учествува во подготвувањето на седниците на Колегиумот;
- учествува во подготвувањето на претресите,
- правник од Правниот сектор присуствува на претрес и им пружа правна помош на членовите на Советот во врска со правни прашања,
- учествува во подготвувањето на одлуки и други општи акти и други материјали,
- им дава стручна помош на членовите на Судот,

- врши информативно-документациони работи за потребите на Судот,
- обезбедува неопходни услови за работа на членовите на Судот и
- врши административно-технички и други работи за потребите на Судот.

**Член 85**

Стручната служба и Правниот сектор на Комората се грижат работата со предметите да се врши правилно, уредно и навремено, водат сметка да се запазуваат определените рокови, да се отстрануваат пречките за навремено завршување на предметите и веднаш по пристигнувањето да се предаваат во работа.

Правниот сектор особено се грижи за предметите по кои течат рокови или се одржани претреси и за враќање на предметите со изработени одлуки во определените рокови.

## V. ИЗМЕНА НА ДЕЛОВНИКОТ

**Член 86**

Предлог за измена на Деловникот може да поднесат Претседателот и членовите на Судот, Претседателот на Комората, претседателот на Собранието или 20 делегати на Собранието.

Предлогот се доставува до Собранието со образложение за потребата за измена на Деловникот.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 87**

Ако пред денот на примената на овој Деловник е започната постапка, а не е донесена одлука од Првостепен совет, натамошната постапка ќе се спроведе според овој Деловник.

Ако пред денот на примената на овој Деловник е донесена одлука од Првостепен совет, натамошната постапка ќе се спроведе според дотогашниот Деловник и соодветни прописи.

Ако по денот на примената на овој Деловник биде укината првостепената одлука од ставот (2) на овој член, натамошната постапка ќе се спроведе според овој Деловник.

**Член 88**

Со денот на примената на овој Деловник престанува да важи Деловникот 02-458/7 од 22.04.2019 година.

**Член 89**

Овој Деловник влегува во сила и ќе се применува со денот на негово донесување.

**Член 90**

Одредбите од овој Деловник ги толкува Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.